**20261482126**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јуни 2026 година.

Бр. 08-4366/1
29 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 62/2009, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 150/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 8/15, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15, 190/16, 171/17, 35/18 и 247/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 251/22, 3/25 и 267/25) во членот 10 став (1) во точката 10) зборовите: „лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита“ се заменуваат со зборовите: „лице со статус на бегалец, лице под супсидијарна заштита и лице под привремена заштита“.

Член 2

По членот 10-б се додава нов член 10-в, кој гласи:

„Член 10-в

Странците со регулиран престој на територијата на Република Северна Македонија кои не се дефинирани како обврзници за плаќање на задолжителен придонес за здравствено осигурување според членот 10 од овој закон, ако со меѓународен договор поинаку не е определено, можат да станат обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување заради користење на правата на здравствени услуги дефинирани во законот кој го уредува системот на здравствено осигурување.“.

Член 3

Во членот 13 став (1) точката 2) се менува и гласи:

„самовработеното лице, само за себе, со исклучок на самовработеното лице кое данокот го плаќа според паушално утврден нето-доход согласно со Законот за данокот на личен доход, за кое Управата за јавни приходи е обврзник за пресметка на придонесите, а обврзник за уплата на придонесите е лицето само за себе;“.

Во точката 3-а) зборовите: „членот 10-б“ се заменуваат со зборовите: „членовите 10-б и 10-в“.

Член 4

Во членот 14 став (1) во точката 13) во алинејата 1 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка, а по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- лицата од членот 10-в од овој закон,“.

Во точката 14) во алинејата 2 зборовите: „лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита“ се заменуваат со зборовите: „лице со статус на бегалец, лице под супсидијарна заштита и лице под привремена заштита“.

Член 5

(1) Стапки по кои се пресметуваат и плаќаат придонесите почнувајќи со исплатата на платата за месец јули 2026 година, заклучно со исплатата на платата за месец декември 2026 година се:

1) 19,9% за задолжително пензиско и инвалидско осигурување;

2) 4% стапка на придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест;

3) 7,5% за задолжително здравствено осигурување;

4) 10% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точки 11) и 14) алинеи 1, 2, 3 и 5 од овој закон;

5) 5,4% за задолжително здравствено осигурување за обврзниците кои придонесот го плаќаат на основица утврдена во членот 14 точка 14) алинеја 4 од овој закон;

6) 11,8% за задолжително здравствено осигурување за обврзникот корисник на домашна пензија кој придонесот го плаќа на износот на пензијата;

7) 0,5% стапка на дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување и

8) 0,1% за задолжителен придонес за осигурување во случај на невработеност.

(2) Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење изнесува:

- 9,95% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци,

- 8,29% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци,

- 6,63% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци,

- 4,98% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци,

- 3,32% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци и

- 1,66% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.